ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АНАЛИЗАТА ЗА МЕРЕЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ЗАДОВОЛСТВО ОД МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Состојба на трудот во Република Северна Македонија

**Структурална поставеност на македонската економија на крајот на 2018 година:**

**ВРАБОТЕНИ: 759.445 лица (45,1%)**

**НЕВРАБОТЕНИ: 199.325 лица (20,8%)**

- **Поголема стапка на невработеност → помали права на вработените**
- **Голема стапка на класна раслоеност**

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА
### Државен инспекторат за труд (ДИТ)

**ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР (LEX GENERALIS):**

*права и должности на инспекторите, основи за организацијата и работата на инспекциските служби, основни права и обврски на субјектите на инспекцискиот надзор, начин и постапка на вршење инспекциски надзор*

**ЗАКОН ЗА ТРУДОВА ИНСПЕКЦИЈА (LEX SPECIALIS):**

*правна рамка на инспекциските надзори од областа на трудот*

**Трудовите инспектори се самостојни во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето управни и други мерки.**

Целата анализа е достапна на:
**https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf**



## Управна мерка, санкција и прекршок

### УПРАВНА МЕРКА

*Доколку работодавачот им ја нема исплатено прекувремената работа на работниците, инспекторот со решение ќе му нареди истата да им биде исплатена на работниците.*

### САНКЦИЈА

*Доколку инспекторот на трудот кај работодавачот, во рок од една година, повторно затекне лица кои работат, а немаат склучено договори за вработување. Врз основа на оваа состојба, тој може да донесе решение со кое ќе забрани работа кај работодавачот во работната просторија, односно работниот простор, во времетраење од 30 дена.*

### ПРЕКРШОК

*Во случаи на повреда на законите во врска со право од работен однос, поради непочитување или неисполнување на законската обврска, трудовиот инспектор е должен да покрене и прекршочна постапка за утврдување одговорност и санкционирање на сторителот.*

## Поведување постапка пред Државниот инспекторат за труд

**Секое физичко и правно лице** кога има сознание за повреда на права од работен однос, може да поднесе иницијатива (барање) за поведување постапка **пред ДИТ.**

Иницијативата може да биде поднесена анонимно, а може да ја поднесе и **кандидат за вработување на јавен оглас.**

Државниот инспекторат за труд е **должен во рок од 30 дена од приемот на иницијативата, да спроведе инспекциски надзор кај работодавачот** и да го извести подносителот што е утврдено со надзорот.

Целата анализа е достапна на:
**https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf**

## Задоволство на работниците од Инспекторатот за труд

**Задоволство од работата на ДИТ (839 испитаници):**

**64.2% - целосно незадоволство**

**12.6% - делумно незадоволство**

**Во просек ДИТ извршува 36.424 надзори инспекциски надзори годишно.**

**Претставки:**

- неисплатени плати и придонеси,
- надоместоци за прекувремена работа и
- престанок на работен однос.

**Прекршочниви:**

- непријавени работници.

## СУДСКА ЗАШТИТА

## Судските постапки за работни односи се итни

**9706 судски предмети годишно од работни односи.**

**Судското одделение за работни спорови при Основниот граѓански суд Скопје има на располагање 6 судии кои во просек судат по 1618 предмети годишно.**

**Најголем број од судските спорови се однесуваат на:**

- парични побарувања,
- надоместоците на штета од работен однос,
- поништување на одлуки и
- отказ.

**Просечен рок на завршување на судските постапки пред Основниот граѓански суд Скопје:**

**5 месеци** (законски рок: 6 месеци)

**Просечен рок за завршување на постапките пред Апелациониот суд Скопје:**

**6 месеци** (законски рок: 30 дена)

Целата анализа е достапна на:
**https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf**



## АЛТЕРНАТИВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА
### Закон за мирно решавање на работните спорови

**Колективни спорови:**

*склучување, измена, дополнување или примена на колективен договор, остварување на синдикално организирање и штрајк.*

**Индивидуални спорови:**

*отказ и неисплата на плата*

**Трета неутрална, независна и непристрасна страна:**

- *Помирувач кај колективните и арбитер кај индивидуалните работни спорови.*
- *Одлуката која ќе ја донесе арбитерот е задолжителна.*
- *Надоместокот за арбитерот и помирувачот е на товар на Министерството за труд и социјална политика.*

**Од 2015 година до денес, овој механизам е искористен вкупно 7 пати, 4 пати во случај на колективни работни спорови и 3 пати за индивидуални работни спорови.**

*Позитивен исход има кај два од колективните работни спорови, а негативен во останатите два, додека позитивен е исходот кај сите три постапки за индивидуалните работни спорови.*

## ДИСКРИМИНАЦИЈА

**„Сексуално не знам, ама знам дека Ромите беа дискриминирани, а беа околу 70% Роми на работа. Еден Ром доколку згреши нешто, се казнуваат сите други.“**

**(Учесник во фокус група во Битола)**

**Комисијата за заштита од дискриминација во 2018 година постапувала по вкупно 317 предмети, од кои 127 биле од областа на работата и работните односи. Од нив решени се 107 предмети, по 37 не е постапено, а утврдена е дискриминација во само 19 предмети.**

Целата анализа е достапна на:
**https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf**

## ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС

**„Директорката ми рече: „Ајде бе ш'о чекаш, не се маткај, треба да си одам Скопје!“ Го прочитав до пола, оти сите се брзаа.“**

**(Учесник во фокус група во Битола)**

**53,2% од испитаниците во анализата се запознаени со содржината на договорот за вработување, 14,8% не се запознаени, 23% се делумно запознаени, додека 7,6% од испитаниците одговориле дека немаат потпишано договор за вработување.**

## ПРЕКИН НА РАБОТЕН ОДНОС

**Во периодот од 2015 до 2017 година, на годишно ниво, просечно 16,16 отсто од вкупниот број на поднесени претставки до ДИТ се во врска со престанок на работниот однос.**

- Работниците се потпишуваат на бланко листови кои подоцна работодавците и фирмите ги реализираат по сопствена волја.
- Евидентирани се отпуштања од работа без претходно почитување на отказниот рок.
- Оотказниот рок не се почитува и веста дека се отпуштени, работниците ја дознавале неколку часови пред крајот на работниот ден.



Целата анализа е достапна на:
**https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf**

## ДИСКРИМИНАЦИЈА

**73,8% од испитаниците се изјасниле дека воопшто не се задоволни од работата на синдикатите.**

> **„Синдикатите најчесто се поврзувани со газдата и Управниот одбор и бесмислена членарина којашто на крај се ефектуира во пакетчиња со чоколада пред Нова година.“**
>
> **(Учесничка во фокус група во Штип)**

> **„Постојат работодавачи кај кои инспекторите не смеат да го поминат прагот на вратата. Има примери каде влегуваат, но не добиваат документација и сѐ по ред, како што налага законот.“**
>
> **(Фокус група со синдикални претставници)**

## ШТРАЈК

### Нееединство на работниците → неуспех за работничките движења

> **„Отказниот рок не се почитува кај текстилните конфекции. Минатата година се случило колективно отпуштање од работа без никакво навестување претходно како што налага договорот и законот.“**
>
> **(Учесничка во фокус група во Штип)**

> **„Самоволноста на газдата и надредените околу работното време е доста присутна. Доаѓаат со листа на имиња на работници, кои се принудени да работат прекувремено. Тие работници кои пркосат на волјата на сопственикот и на шефовите, се отпуштани од работа.“**
>
> **(Фокус група со синдикални претставници)**

Целата анализа е достапна на:
https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Mehanizmi-Mk.pdf



Овој краток преглед на анализата е подготвен во рамките на проектот „Зголемување на продуктивноста преку подобрување на законската рамка за работните односи во Северна Македонија" финансиран од Фондот за добро владеење на Велика Британија, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Владата на Обединетото Кралство.

Хелсиншкиот комитет е овластено здружение за обезбедување правна помош, запишано во Државниот регистар на даватели на претходна правна помош. Доколку сметате дека Вашите права се загрозени, можете да пријавите прекршувања електронски на страницата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на:
https://mhc.org.mk/baranje-za-besplatna-pravna-pomosh/
на бесплатниот телефонски број: 0800 44 222, или лично, во канцелариите на организацијата. По испраќањето на барањето по пошта, електронска пошта, или негово поднесување во нашата канцеларија, ќе Ви биде определен правен советник кој ќе работи на Вашиот предмет.

Целата анализа е достапна на:
https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/03/Standardi-Mk.pdf.

За сите дополнителни прашања можете да се обратите во:


Хелсиншки комитет за човекови права

ул. Наум Наумовски Борче бр. 83, 1000

Скопје

+389 (0) 2 3119 073; +389 (0) 72 278 436

helkom@mhc.org.mk



British Embassy
Skopje

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА
ПРОДУКТИВНОСТА
ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ
НА ЗАКОНСКАТА РАМКА
ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ
ВО МАКЕДОНИЈА

UKaid
from the British people